Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-434/5

24-11-2022

Постапувајќи по претставка бр. 08-434/1 од 22.08.2022 година, поднесена од [redacted] од Штип против Јавна установа за деца – општинска детска градинка "Вера Циривири Трена" - Штип (ЈУДОДГ "Вера Циривири Трена" - Штип), за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на ден 24.11.2022 година го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на работата и работните односи, од страна на ЈУДОДГ "Вера Циривири Трена"- Штип кон [redacted].

**О б р а з л о ж е н и е**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка заведена под архивски број 08-434/1 на 22.08.2022 година, од [redacted] за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи од страна на ЈУДОДГ "Вера Циривири Трена"- Штип.

Согласно наводите од претставката, на подносителката на претстаквата со решение број 04 - 150/3 од 15.08.2022 ѝ престанал работниот однос во ЈУДОДГ "Вера Циривири Трена"- Штип. На ова претходело полагање на приправнички испит кој таа не го положила. Подносителката наведува дека не е задоволна од постапката за полагање на испитот, како и резултатите од истиот.

Дополнително, наведено е дека од страна на Министерството за труд и социјална политика веќе бил спроведен стручен испит за негувател на 09.04.2021 година, кој таа успешно го положила, со што се стекнала со лиценца за негувател на 06.05.2021 година со Одлука број 11-3452/3. Подносителката смета дека Министерството како највисок орган во областа на детската заштита е надлежно да цени дали вработените лица се стручни за вршење на воспитниот процес во детските градинки, а не општинските градинки, па следствено на тоа кон неа е извршена дискриминација со самото барање за полагање на дополнителен приправнички испит.

Согласно член 24 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 23.08.2022 година до ЈУДОДГ "Вера Виривири Трена"- Штип испрати Известување за произнесување по наводите од претставката, заведено под архивски бр. 08-434/2 .

На 14.09.2022 година од страна на ЈУДОДГ "Вера Циривири Трена"- Штип до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Одговор на барањето за произнесување, заведен под архивски број 08-434/3. Во одговорот од градинката се одбиваат наводите од претставката и се негира секаков дискриминаторски однос кон подносителката [redacted]

Најпрво, во произнесувањето од страна на градинката, односно од в.д. директорката [redacted] како одговорно лице, се наведува дека подносителката веќе го има искористено своето право на жалба во врска со Решението за престанок на работниот однос и согласно тоа е

поведена постапка пред Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, од каде градинката чека насоки за постапување.

Понатаму во одговорот се опишува спроведувањето на приправничкиот испит, во врска со кој се наведува дека на кандидатите им биле дадени 30 минути за полагање, а [redacted] ги одговорила сите прашања и прва излегла од просторијата. Директорката тврди дека кандидатката знаела за потребата од полагање на приправнички испит уште при нејзиното вработување пред една година како негувател-приправник, кога за истото ѝ било укажано од страна на тогашната директорка. Дополнително се наведува дека таа била навремено информирана за датумот на полагање преку Известување бр. 04-150/1 пратено на 04.08.2022 година, кое го примила на 08.08.2022 година, за што постои и доказ - повратница потпишана од нејзина страна. Понатаму се негира дека кандидатката после полагањето на приправничкиот испит барала увид во тестот, бидејќи ниту пристапила лично до управата, ниту има поднесено писмено барање за истото.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при разгледување на претставката, доставените докази, како и одговорот на претставката, утврди дека не можат да се најдат факти и аргументи за извршена дискриминација во конкретниот случај. Во оваа насока, подносителката на претставката не била доведена во понеповолна положба, бидејќи согласно важечката законска регулатива за вработување во јавна установа за деца, по завршување на приправничкиот стаж таа имала законска обврска за полагање на стручниот испит. Конкретно, приправничкиот стаж како и постапката за спроведување на приправничкиот испит на вработените во јавни установи за деца се регулирани со **член 142 ставови 4 до 12 од Законот за заштита на децата** (Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13). Основот за престанување на работниот однос на приправникот, пак, е регулиран во став 12 од членот 142, каде се вели дека:

*"На приправникот кој успешно не го положил стручниот испит му престанува работниот однос".*

Материја за спроведување на стручниот испит е дополнително регулирана во интерните општи акти на ЈУДОДГ "Вера Цирвири Трена" и тоа во:
- Програмата за спроведување на стручниот испит
- Правилникот за утврдување на критериумите за полагање на стручен испит за приправниците со бр. 0101-540/1.

Со оглед на тоа што овие интерни акти на градинката, во својство на работодавач, биле донесени пред засновањето на работниот однос на подносителката, таа морала, односно не можела да не биде запознаена со овие акти и постапката регулирана во нив.

Конечно, земајќи предвид дека подносителката [redacted] не го положила приправничкиот испит, градинката постапила согласно законот и следствено донела решение за престанок на работниот однос. Со оглед на горенаведеното, Комисијата цени дека во конкретниот случај не се исполнети елементите предвидени во законската дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Во конкретниот случај не постои причинско – последична врска помеѓу дискриминаторска основа и конкретна повреда, врз основа на што Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно законските надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека не е сторена дискриминација од страна на ЈУДОДГ "Вера Цирививри Трена" кон подносителката [redacted] во областа на работата и работните односи.

Скопје
24.11.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]
- ЈУДОДГ „Вера Цирививри Трена" – Штип, со адреса на ул. Христијан Карпош бб, 2000 Штип